Центар за истражување и информирање за животна средина
„Еко-свест“ Скопје

**До:** Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија

Сектор за уредување на просторот

ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, 1000 Скопје

info@mtc.gov.mk

Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина
Бр. 27-23/03-06
22.02. 2023 год.
СКОПЈЕ

**Од:** Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест

ул. Никола Кљусев 14, Општина Центар, 1000 Скопје

info@ekosvest.com.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје / Shkup 23. 02. 2023

| Примено / Pranuar: | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | | | |

Скопје, 22.02.2022 г.

**Предмет:** Коментари кон урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена е-Инфраструктура, е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, општина Штип, (над 10 mw), предлог план

Почитувани,

Согласно Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен В. на Р.М. бр: 147/2008 од 26.11.2008), од Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ - Скопје Ви доставуваме коментари на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена е-Инфраструктура, е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, општина Штип, (над 10 mw), предлог план, објавен на 30.12.2022 година на интернет страницата на Министерството за транспорт и врски и за кој се спроведе стручна расправа на 22.02.2023 година во просториите на Министерството за транспорт и врски.

- **Ефективно учество на јавноста**

Согласно член 2 став 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина: *Во постапката за изработката на прописи и други акти (во натамошниот текст: прописи) и/или плански документи, органите на државната управа и органите на единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органите), треба на јавноста да и овозможат* ***ефективно да учествува во изработката на прописите и во донесувањето, изменувањето и ревидирањето*** *на планските документи во нивната најрана фаза на нивното донесување, односно при донесување на одлуката согласно член 4 од оваа уредба.*

Во насока на исполнување на оваа обврска, важно е јавноста да е информирана за тоа дали и како нивните зебелешки се земени предвид, па согласно член 10 од истата Уредба: *Органот во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот увид, треба да достави поединечен или збирен одговор на сите пристигнати забелешки, мислења и предлози по прописот и/или планскиот документ. Органот треба да подготви извештај за одржаната јавна расправа и истиот да го објави на својата веб страница.*

- **Известување за Одлука за спроведување на стратегиска оцена за време на јавната расправа одржана на 15.02.2023 во Министерството за транспорт и врски**

Спроведувањето на Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина во согласност со член 65 став 4 од Законот за животната средина во рамки на овој проект, кој опфаќа изградба на фотоволтаична електрана од 734,63 ха врз подрачје со особени природни вредности кое е заштитено согласно националните и меѓународните обврски на Република Северна Македонија, претставува должност на инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги „АЛБА ЕНЕРГИ ГРУП“ ДООЕЛ – СКОПЈЕ, Министерството за транспорт и врски која носи Одлука за спроведување или неспроведување на постапка за Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина, и Министерството за животна средина и просторно планирање кое донесува Решение со кое се утврдува потреба за спроведување на СОЖС. Во тековната постапка за подготвување на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина во согласност со член 67 став 1 од Закон за животната средина, тој треба да биде подготвен во текот на изработката на планскиот документ, што не е случај со постојниот плански документ за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење значење за група на Класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци.

Доколку се спремаат истовремено како што е предвидено со Законот за животната средина, планската документација се прилагодува на наодите од СОЖС и се овозможува да се намалат влијанијата уште во рана фаза. На пример, од конкретниот урбанистички план може уште во текот на неговата изработка да се исклучат заштитени подрачја, предложени за заштита и познато културно наследство.

Доколку во текот на стручни и јавни консултации се утврди дека сепак треба да се спроведе постапка за СОЖС согласно член 65 од Законот за животната средина, тогаш целата постапка треба да се врати на почеток и урбанистичкиот план да се изработи и прилагоди на наодите од СОЖС. Од доставените коментари подолу, јасно е дека урбанистичкиот план ги исполнува условите за да биде спроведена СОЖС согласно одредбите на Законот за животната средина, а особено во Извештајот за СОЖС согласно член 67 став 11, потребно е да се вклучат релевантни информации за влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето.

Потенцираме дека при изработката на планската документација за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на Класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, **воопшто не е земено предвид дека голем дел од проектот за кој што се изработува планот се преклопува со подрачјето Долна Брегалница кое изобилува со природни вредности и е предложено за заштита согласно Законот за заштита на природа, Емералд подрачје согласно Конвенцијата за заштита на дивите видови и живеалишта во Европа (Бернска конвенција), и идно Натура 2000 подрачје согласно Директивата за живеалишта на ЕУ. Ова е особено значајно бидејќи живеалиштата кои што се предложени за заштита во тој предел се карактеризираат со ниска вегетација и специфични типови на солени почви кои што се значајни за заштита на ниво на Европа, а кои што при спроведување на планската документација ќе бидат целосно деградирани, влијанија кои што е многу тешко да се избегнат со мерки за митигација. Дополнително, спроведувањето на планската документација ќе предизвика прекршување на меѓународните обврски на Република Северна Македонија и нарушување на процесот на пристапување кон ЕУ. За таа цел предлагаме разгледување на алтернативни локации за спроведување на проектот.**

- **Планската документација се заснова на Просторниот план од 2004 година кој не е во важност од 2020 година**

Поради застареноста на Просторниот план од 2004 година, во кој што не се земени предвид идентификуваните подрачја за заштита согласно Европското законодавство и процесот на пристапување кон ЕУ, е исклучително важно да се прибават мислења од сите надлежни институции што се засегнати од спроведувањето на урбанистичкиот план за се имаат предвид сите актуелни информации од кои зависи одлуката за спроведување или неспроведување на СОЖС.

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, учествуваше на Стручната расправа и Јавната презентација по урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на Класа на намена Е-инфраструктура, Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци- Општина Штип која се одржа на 22.02.2023 година во Министерството за транспорт и врски и во согласност со рокот наведен на расправата ги доставува следните забелешки и коментари по однос на објавената документација:

1. **Проектниот опфат се планира на еколошко сензитивно подрачје кое треба да биде заштитено согласно националните и меѓународните обврски на Република Северна Македонија**

Во Стратегијата за заштита на природата 2017-2027, Брегалничкиот регион е истакнат дека поседува **значителни природни вредности.** Како дел од националната репрезентативна мрежа на заштитени подрачја опфатени **се 36 подрачја, од кои 5 подрачја се веќе заштитени, а 12 подрачја се предложени за прогласување како природни реткости** за кои треба да постојат мерки за заштита и зачувување од развојни проекти со негативно влијание.

Според Картата на еколошката сензитивност која беше подготвена во 2014 година за сливот на реката Брегалница, просторот на Долна Брегалница е идентификуван како уникатно подрачје со висока биолошка разновидност и може да претставува иден биосферен резерват. Препорачуваме дека наместо планирање на развојни проекти можат штетно да влијаат на овие ретки природни вредности, да се воспостават насоки за негово зачувување и одржливо користење.

Во Одлуката за Неспроведување на стратегиска оцена донесена од Министерство за транспорт и врски не се земени предвид влијанијата врз заштитата на природата во критериумите врз основа на кои се определува дали планскиот документ може да има влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето, иако во повеќе мислења од релевантни институции се наведува дека планската документација опфаќа подрачја што се заштитени или предложени за заштита.

Еко свест

**Центар за истражување и информирање за животна средина
„Еко-свест“ Скопје**

Управата за животна средина – Сектор за води во мислењето од 04.01.2022 година наведува дека предметниот опфат навлегува во подрачјето предложено за заштита „Долна Брегалница“, поради што е потребно да се земе предвид и мислењето од Секторот за природа при МЖСПП. Имено, долниот тек на р. Брегалница е идентификуван како значајно подрачје заради геоморфолошките и фаунистички вредности, и е предложен за заштита во категоријата „Споменик на природата“ под името „Долна Брегалница“.

Секторот за просторно планирање при МЖСПП во Решението за условите за планирање на просторот од 05.05.2022 година, упатува при изработката на планската документација да бидат земени предвид локации со послаби бонитетни класи, со цел зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Дополнително, во Решението тие утврдуваат дека проектната локација се наоѓа во **„Кањон на Брегалница“ кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа и наложува да се испитаат значајни видови биодиверзитетот и соодветно на податоците да се преземат мерки за заштита.**

Податоците за Емералд подрачјето MK0000031 - Кањон на Брегалница и листата на 55 видови што се присутни во тој регион, а се дел од Резолуција 6 Бернската конвенција како видови значајни за заштита, се достапни на линкот: https://natura2000.eea.europa.eu/Emerald/SDF.aspx?site=MK0000031

Карта од подрачјето во рамки на европската мрежа од Емералд подрачја може да се види на https://emerald.eea.europa.eu/, а слика од картата е подолу:




Седиште и тренинг центар: ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје
канцеларија: ул. Никола Кљусев 14, 1000 Скопје
тел: 02 3217 247 | www.ekosvest.com.mk | email: contact@ekosvest.com.mk

Во близина на проектната локација е предложена и идентификувана за заштита како **Значајно подрачје за птици „Бабуна-Тополка-Долна Брегалница“**, **идентификувано Значајно растително подрачје „Криволак“, а поднесен и предлог за воспоставување на Споменик на природата „Долна Брегалница“** согласно националното законодавство.




Слика 23.**Споменик на природата „Долна Брегалница“**

Во прилог на нашите коментари, истакнуваме дека овие подрачја **се предложени за Натура 2000 подрачја поради значењето на почвените карактеристики и присутната биолошка разновидност.** Имајќи го сето ова предвид, посебно затоа што Секторот за просторно планирање при МЖСПП нагласува дека треба да се **испита** присуството на значајни видови биодиверзитет, загрижувачки е што целата постапка за ревизијата по предлог-урбанистичкиот план се одвива без да се добие мислење и од Секторот за природа, но и без дополнително да се испитаат податоците за наведените подрачја во мислењата од други сектори од институциите. Впрочем и во самата планска документација, во приложената Измена и дополна на условите за планирање на просторот, јасно е нагласено дека доколку при изработка на документацијата се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство, треба да се преземат мерки за негова заштита, при што нагласена е

почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Ви укажуваме дека во Долна Брегалница се идентификувани **три приоритетни живеалишта** согласно Директивата за живеалишта на ЕУ. **Панонски солени степи и солени мочуришта во Долна Брегалница кое е единствено такво живеалиште на Балканот и е регистрирано само во Република Северна Македонија,** со растителни заедници кои се карактеристични за степите и ќе бидат под влијание со планираниот проект. Овие живеалишта се забележани во околината на селата Јамуларци кое е воедно локација на проектниот опфат. Во селото Јамуларци и околните села на брските пасишта се наоѓаат и **степи со треви** и **едногодишни растенија кои се карактеристични за тој тип на живеалиште**. Во Долна Брегалница, каде што е планиран проектот се наоѓаат **континентални солени ливади кои се нашите најспецифични и уникатни живеалишта кои драстично се намалуваат во последните години низ Европа, пред се поради антропогени активности.** Покрај ова, во планираниот проект ќе бидат засегнати и повеќе диви видови кои се од европско значење кои се карактеристични за Долна Брегалнциа, како на пример: речната школка, зелено опашестото вилино коњче, македонската мрена, жолтиот мукач, ридската желка, леопардовиот смок, орелот змијар, сивиот сокол, видрата, долгопрстиот лилјак и многу други.

2. **Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена донесена од Министерство за транспорт и врски**

Најпрвин укажуваме на страницата на Министерството за транспорт и врски согласно насловот на соопштението треба да е објавена Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена (http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-198), всушност е објавена Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за урбанистички план во КО Сушица, Општина Ново Село. Со ова, оваа одлука, со целата пропратна документација, не е објавена согласно член 65 став 10 од Законот за животната средина и направен е превид и засегнатата јавност е погрешно информирана и е доведена во заблуда.

**Би сакале да потенцираме дека на јавната расправа за стручната јавност одржана на 22.02.2023 во Министерството за транспорт и врски на учесниците им беше презентирано Решение со кое се одобрува Одлуката за неспроведување на СОЖС донесено од страна на Управата за животна средина.**

Независно на ова, секаква одлука за неспроведување на стратегиска оцена за оваа проектна документација би била незаконска, од следните причини:

- Според член 15 од Законот за заштита на природата, за плански и програмски документи кои би можеле да имаат значителни ефекти врз природата, потребно е да се изврши оцена на влијанијата. Согласно горе изложеното, веќе има информација од два сектори од МЖСПП дека предметното подрачје се преклопува со Емералд подрачјето „Кањон на Брегалница“ MK0000031 и предложениот споменик на природата „Долна Брегалница“, со што веќе е јасно дека планската документација може да има значителни негативни влијанија врз природата. Со **Одлука за неспроведување не се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина и не е обезбедена заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани каде се наоѓаат заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита.**

- Во Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето од („Службен весник на РМ“ бр. 153 од 20.12.2007 година) во членот 3 се наведува дека **Стратегиска оцена се спроведува на плански документи и од областа на Енергетиката, и тоа краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи, а кои се однесуваат на долгорочните цели за развој на обновливи извори на енергија, приоритети за развој, преобразба на енергетскиот сектор, поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија, поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност, како и услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата.** Согласно ова, планската документација за проект што се однесува на искористување на обновливи извори на енергија, може да биде предмет на стратегиска оцена иако со нивниот развој може да има и позитивни влијанија врз животната средина.

- Согласно Законот за животната средина, Стратегиска оцена се врши и на планските документи доколку предвидуваат реализација на проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина или кои влијаат врз заштитените подрачја. Согласно **препораката од СОЖС на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година, за проекти што се наоѓаат во заштитени подрачја или подрачја предложени за заштита, потребна е целосна и правилна примена на легислативата за ОВЖС за проекти од втора категорија (за кои Министерството за животна средина и просторно планирање одлучува дали има потреба од ОВЖС).** Со оглед на тоа што проектот за кој се изработува планската документација е целосно во рамки на подрачјето предложено за заштита

„Долна Брегалница“ и предвидува пренамена на голем дел од површината на подрачјето, **за овој проект треба да се спроведе постапка за ОВЖС, односна за планската програма - урбанистички план согласно Законот за животна средина треба да се спроведе СОЖС.** Со неспроведувањето на оваа постапка, укажуваме дека не се земени предвид значајни аспекти за заштита на животната средина, природните вредности како и културното наследство и не е направена целосна анализа на потенцијалните влијанија од планскиот документ кој е предмет на стратегиска оцена.

- За предметната локација, Управата за заштита на културното наследство има дадено мислење дека во проектниот опфат постои археолошки локалитет Градиште, населба од доцноантичко време кое е заведено во Археолошки катастар и подоцна е потврдено од Музеј Штип, но во планската документација се предвидуваат мерки за заштита на локалитетот од член 65 од Законот за културно наследство, којшто всушност се однесува на случајни откритија, а не на заштита на заштита на познато и заведено културно наследство. Постоењето на идентификувано културно наследство е исто така значаен аргумент кон спроведување на постапка за СОЖС.

3. **Локацијата на проектниот опфат е во спротивност со Извештајот за СОЖС за Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година**

Потсетуваме дека согласно Извештајот за СОЖС за Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година се препорачува **да се избегнуваат проекти и програми во националните заштитени подрачја, како и подрачјата кои се предложени за заштита (Емералд, Натура 2000).** Како што е наведено и погоре, проектната локација определена со планската програма се наоѓа во заштитено подрачје и подрачје предложено за заштита согласно националните и меѓународните обврски на РСМ.

4. **Предлози за паметно енергетско планирање и идентификувани локации за поставување на фотоволтаични електрани на деградирано земјиште**

Ви укажуваме дека Еко-свест во проектот „Exploring Pathways for Low-Impact Energy Solutions in North Macedonia“ кој беше спроведуван во соработка со МАНУ ги утврди Принципите за паметно енергетско планирање, во кои е нагласено дека **инвестициите во обновливи извори на енергија треба да биде приоритет, но не по цена на уништување на природните ресурси и загуба на екосистемите.** Во продолжение, подготвени се Препораки за паметно енергетско планирање во кои се предлагаат **деградирани земјишта како локации за развивање на нови енергетски проекти од обновливи**

**извори на енергија и избегнување на локации во заштитени подрачја** бидејќи со тоа се нарушува примарната улога во обезбедување на нивна заштита.

Воедно, подготвена е Студија и Методологија за користење на рудници и други браунфилд локации за изградба на соларни и ветерни електрани во Северна Македонија која може да биде од значење за планираниот проектен опфат. Во Студијата се **идентификувани 5 локации на деградирани земјишта** кои што би можеле да се искористат за изградба и развој на производни постројки на електрична енергија од обновливи извори на енергија, а кои не се наоѓаат во заштитено подрачје од национално или меѓународно значење како што се Емералд подрачјата или идни Натура 2000, национален парк или подрачје на заштитени птици или растенија.

- Линк до Принципите и Препораките за паметно енергетско планирање (https://ekosvest.com.mk/wp-content/uploads/2022/07/Можностите-за-енергетски-решенија-со-најниско-негативно-влијание-2022.pdf)

- Линк до Студија и Методологија за користење на рудници и други браунфилд локации за изградба на соларни и ветерни електрани во Северна Македонија (https://ekosvest.com.mk/wp-content/uploads/2022/12/MANU-brownfield-study-MK.pdf)

Согласно изнесеното, локацијата содржи природни вредности кои што треба да се зачуваат, а спроведувањето на овој проект ќе нанесе неповратна штета. Поради овие аспекти, нашата препорака е дека овој проект не треба да се спроведе на оваа локација, но во интерес на зголемување на уделот на обновливи извори на енергија во енергетскиот систем, може да се разгледува негово спроведување на некое од веќе деградираните локации низ земјата.

Со почит,

Симона Трајковска

Проектен координатор

Еко-свест

070 206 451

simona@ekosvest.com.mk

Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина Еко свест Скопје